**Влада на Република Северна Македонија**

Дата: 25 февруари 2025 година
Архивски број: 50-1693/4
До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за Европски работнички совет, што го утврди на седницата, одржана на 25 февруари 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: м-р Марија Арсова – Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Бесар Дурмиши, министер за економија и труд

Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд

ПОВЕРЕНИК: Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд

Предлог на закон за изменување на Законот за Европски работнички совет

Скопје, февруари 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за Европски работнички совет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12 и 147/15), се уредува основањето на европски работнички совет или утврдување на постапка за информирање и консултирање на вработените во трговски друштва или групации на трговски друштва што работат на ниво на Европската Унија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), Министерството за труд и социјална политика се преименуваше во Министерство за социјална политика, демографија и млади, а работите кои се однесуваат на работните односи, вработувањето и вработеноста, заштитата на работниците при работењето, материјалното обезбедување на привремено невработените и платите и животниот стандард, преминаа во надлежност на Министерството за економија и труд.

Имајќи предвид дека правната рамка треба да ја следи постоечката административна и институционална структура и дека треба да постојат јасни надлежности и одговорности на органите на управата, при што нема да се создадат правни празнини кои понатаму би довеле до правна несигурност на граѓаните, потребно е одредбите од Законот за европски работнички совет да се усогласат со споменатите изменувања и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Со предметниот закон се предлага и усогласување со Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија.

Од овие причини како и заради овозможување на конзистентност на правниот систем во државата, се пристапи кон донесување на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за европски работнички совет се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за Европски работнички совет не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ

НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВРОПСКИ РАБОТНИЧКИ СОВЕТ

Член 1

Во Законот за Европски работнички совет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12 и 147/15), во член 39 во ставот (1) зборовите „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Член 2

Во член 39-а во ставот (4) зборовите „Министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „Министерот за економија и труд”.

Член 3

Во член 41 во ставовите (2) и (9) зборовите „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Ставот (10) се менува и гласи:

„(10) Министерството за економија и труд - Државниот инспекторат за труд за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб - страниците на Министерството за економија и труд и на Државниот инспекторат за труд, на унифициран квартален преглед.“

Член 4

Низ целиот текст на Законот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување на Законот за Европски работнички совет содржи пет члена.

Со членовите 1, 2 и 3 од Предлогот на закон се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), со кои се врши пренесување на досегашните надлежности на Министерството за труд и социјална политика во Министерството за економија и труд.

Со членот 4 се врши усогласување со Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија.

Со членот 5 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се врши усогласување на Законот за Европски работнички совет со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), како и усогласување со Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија, со што ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во работите кои се однесуваат на работните односи и заштитата на работниците при работењето.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

### Член 39

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон врши министерството надлежно за работите од областа на трудот.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Државниот инспекторат за труд.

(3) Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од членот 40 од овој закон е должен на одговорното лице или од него овластено лице кај правното лице да му даде предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

(4) За прекршоците од членот 40 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

### Член 39-а

(1) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(2) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочиот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(3) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог

Член 41

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот на трудот утврди дека е сторена неправилност од членот 8 од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на централната управа каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за труд во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе работодавачи.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот на кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или работодавачот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член донесува заклучок со кој ја запира постапката на испекциски надзор.

(8) Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочната комисија.

(9) Државниот инспекторат за труд којшто го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(10) Министерството за труд и социјална политика - Државниот инспекторат за труд за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страниците на Министерството за труд и социјална политика и на Државниот инспекторат за труд, на унифициран квартален преглед.